РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 02-09-2025
Орг.Един: 11 | Број: 152/1 | Прилог: | Вредност:

бб.бр.3980/2025

ЗДРУЖЕНИЕ ТРАНСПАРЕНСИ ИНТЕРНЕШНЛ-МАКЕДОНИЈА
TRANSPARENCY INTERNATIONAL-MACEDONIA
Бр. 141/1-0302
01.09 20 25 год.
СКОПЈЕ

**До Општина Битола**

## Б А Р А Њ Е
## за пристап до информации од јавен карактер

Имајќи го предвид **член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 101/19),** од насловот, [redacted]о поднесува ова барања за добивање на следните информации од Ваша страна:

- Дали општината објавува повици за доделување на средства за поддршка на медиуми во последните три години? Доколку објавува вакви повици дали се објавени и победниците на овие повици ?

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго

Барател на информацијата: [redacted]

Застапник на барателот на информацијата:
[redacted]

Во Скопје Датум: 01.09.2025

[redacted]

ОПШТИНА БИТОЛА

Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи
Одделение за административни и општи работи

До
Одделение за јавни набавки

Бр.11-152/2
03.09.2025

**Предмет: Доставување на Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Ви го доставувам барањето бр. 11-152/1 за пристап до информации од јавен карактер.

Ве молам за писмено известување по однос на истото (одговор) во рок од 5 работни дена.

Лица за посредување при остварување
на слободен пристап до информации
од јавен карактер

Марија Атанасовска

Примил: Трајновска
03.09.2025г.

"Булевар 1ви Мај" бр. 61 7000 Битола Република Северна Македонија
тел: 047 234 234 047 208 302 факс: 047 208 307 e-mail: bitola@t-home.mk www.bitola.gov.mk

ОПШТИНА БИТОЛА

**Сектор за финансиски прашања**
Одделение за јавни набавки

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Примено: 09.09.2025

| Орг.един. | Број: | Прилог: | Вредност |
|---|---|---|---|
| 11 | 152/3 | | |

**бр. 24-11/2**
**05.09.2025г.**

До

- **Одделение за административни и општи работи**

Почитувани,

Во однос на вашето барање со бр.11-152/2 од 03.09.2025 година,Ве известуваме дека согласно Законот за Јавни Набавки („Службен Весник на РМ" бр.24/19,„Службен Весник на РСМ" бр.87/21 и 14/25) Општина Битола спроведува само постапка за доделување на договор за услуги од Печатени Медиуми.

Со почит,

Одделение за јавни набавки

Битола
05.09.2025 година

Изготвил:Маја Н.Ташкова

ОПШТИНА БИТОЛА
**Сектор за правно - нормативни, административни и општи работи**
**Одделение за административни и општи работи**

Бр.11-152/4
10.09.2025

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено на **02.09.2025 година**, имателот на информацијата **Општина Битола** го донесе следното:

## Р Е Ш Е Н И Е

**СЕ УВАЖУВА** барањето на [redacted] по барање за пристап до информации од јавен карактер **бр.11-152/2025** од **02.09.2025 година**, за информации дали општината објавува повици за доделување на средства за поддршка на медиуми во последните три години, и дали се објавени победниците на овие повици.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Барателот [redacted] поднесе барање за пристап до информации од јавен карактер до Општина Битола и заведено под број 11-152/2025 на ден 02.09.2025 година. Во барањето наведе дека бара информации дали општината објавува повици за доделување на средства за поддршка на медиуми во последните три години, и дали се објавени победниците на овие повици.

Врз основа на барањето информација од јавен карактер имателот на информацијата **Општина Битола ви ја доставува информацијата и прилозите:**

1. Барање за пристап до информации од јавен карактер со бр.11-152/1 од 02.09.2025.
2. Допис до Одделение за набавки бр.11-152/2 од 03.09.2025.
3. Одговор од Одделение за набавки со бр.11-152/3 од 09.09.2025.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.
Решено во **Општина Битола** на 10.09.2025 година, под бр. 11-152/4.

**Службено лице за посредув ање при остварување на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер**

Емилија Илиевска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА • ОПШТИНА БИТОЛА •